

Музејот на современата уметност - Скопје,
љубезно Ве поканува на отворањето на изложбата:

The Museum of Contemporary Art, Skopje,
kindly invites you to the opening of the exhibition:

**“Процес” на *Игор Тошевски*** | **“The PROCESS” by *Igor Tosevski***

16. септември 2004, во 20.00 часот
September 16th 2004, at 8 pm

Во ликовното писмо на Игор Тошевски содејството меѓу субјективното и трансиндивидуалното е во функција на константа. Без разлика на повремените изместувања во оваа релација (во корист на едното - интимата - или на другото - колективното), во неговиот најнов проект “Процес”, овие две насоки се доближуваат до оптимална врамнотеженост.

Насловот “Процес” - едноставен, јасно дефиниран, лаконски срочен, како и во повеќето негови остварувања (“Преместувања”, “Досие ’96г, “Транфери”, “Слободни територии”) - се исчитува во неговата етимолошка просторност на значења. Создавањето на делото тенденциозно се развива низ нагласување на етапите: процес на пишување на текст, от-печат-ување на автопортрет врз ѕид и сукцесивно регистрирање со видео камера на времето во движење (1). Вовлекувањето во парадоксите / апсурдите на правниот галиматијас на бирократијата, е во тематска корелација со кафкијанската налудничава загнезденост во коридорите на правдата и вистината (2). Како своевидна парафраза на Јозеф К., Игор Тошевски го живее, но и ликовно го отелотворува, и de facto и de jure, феноменот на слободниот сликар (на интелектуалецот), формулиран во актуелниот “Закон за трговски друштва” како трговец - поединец, со алузии на можни деформитети, не само од социјална или општествена, туку и од психо-физичка природа. Во оваа трето етимолошко исчитување, процесот се артикулира дури и во неговата медицинска означеност (тек на болеста во развиток)(3).



MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

Музеј на современата уметност Самоилова бб, п.ф. 482, 1000 Скопје т. +389 2 311 77 34/35, ф. +389 2 311 0123
Museum of Contemporary Art Samoilova bb, P.O. Box 482, 1000 Skopje t. +389 2 311 77 34/35, f. +389 2 311 0123